Јазикот е нашето најголемо духовно културно наследство и ние мораме да го

чуваме како нешто најсвето, зашто нашите предци во мошне тешки и неповолни

историски околности се изборија за правото на употреба на својот јазик, за докажување на

неговата посебност... Македонскиот јазик денес е познат и афирмиран во светот со својата

јазична структура и богат лексички фонд и има свое место во словенското јазично семејство.

Нашата многувековна писмена традиција е најголемо сведоштво за посебноста

на македонскиот јазик и самобитноста на македонскиот народ.

Секој човек го зборува јазикот во зависност од тоа колку е интелектуално

способен. Иако е вродена биолошка способност, јазикот е процес кој трае, и затоа се учицел живот.

Јазикот е патоказ на културата, најскапоцената амајлија од нашите предци. Тој ни покажува од каде луѓето доаѓаат и каде одат. Јазикот на којшто зборувам уште од мала, јазикот што го разбирам отсекогаш, што го пишувам, со чија помош секојдневно се изразувам, е мојот мајчин јазик.

Благодарна сум на Кирил и Методиј што нè описмениле. Токму тие ги измислиле првите знаци, односно токму тие се „виновниците“, се разбира во наводници, за тоа што сите мои изговорени зборови

имаат писмен облик. Тие се оние што се најзаслужни што денес имаме азбука со којашто комуницираме. Основачи се на јазикот што денес го зборувам и гордо го нарекувам свој мајчин јазик.

Од  Мартина Кузмановска VI-б одд.